# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## ДЕСЕТТИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во организација на Постојаната комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија на 28, 29 и 30 август 1984 година во Цети ње — СР Црна Гора, се одржа традиционалниот Десетти југословенски симпозиум за наставата по историја. Целта на овој и претходните девет симпозиуми е унапредување на наставата по историја во основното и средното образование и изнаоѓање разни патишта за решавање на проблемите што се појавуваат и имаат стручен и педагошко-методски карактер.

Во рамките на Симпозиумот, со посебна програма, беше одбележана и педесетгодишнината од формирањето на Друштвото на историчарите на СР Црна Гора: вечер на историски теми и свечена седница на Друштвото. На овие активности на 28 и 29 август присуствуваа сите учесници на Симпозиумот следејќи ги излагањата на црногорските научни и културни работници.

Сојузот на историчарите на СР Црна Гора и неговиот педесетгодишен јубилеј, како и Симпозиумот, го поздравија претставници на Републичката конференција на ССРНЈ, Владимир Поповиќ, СДИЈ, на републичките друштва на историчарите, и претседателот на Извршниот совет на Собранието на општината Цетиње Јован Мирковиќ.

На Симпозиумот беше разработена темата АКТИВИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УСВОЈУВАЊЕТО НА ЗНАЕЊАТА ОД ИСТОРИЈАТА ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. На оваа тема беа поднесени единаесет реферати и соопштенија од истакнати историчари, методичари и практичари од одделни наши републики и покраини. Домаќинот, Сојузот на историчарите на СР Црна Гора, ја подготви организацијата на Симпозиумот што беше на високо ниво, сместувањето, стручната екскурзија и другите активности на учесниците. Трите денови се работеше во Цетиње, градот музеј и херој што со својата околина во НОВ и револуцијата даде 49 народни херои, во просториите на хотелот „Парк“ каде што имаше одлични услови за работа и престој. На Симпозиумот беа присутни околу 180 учесници, професори и наставници по историја во основните и во училиштата за средно образование, од ПА и филозоф-

ските факултети како и повеќе научни работници. Од СР Македонија беа присутни петнаесет историчари, наставници по историја во основно и средното образование и стручната служба за унапредување на образованието и воспитанието.

Симпозиумот го отвори претседателот на постојаната комисија за наставата по историја д-р Хрвое Матковиќ поздравувајќи ги присутните и истакнувајќи го стручно-педагошкото значење на овие југословенски собири за наставата по историја. Трите дена симпозиумот работеше на пленарни седници на кои беа поднесени следните реферати и соопштенија:

М-р МИЛУТИН ПЕРОВИЌ од Белград поднесе реферат на тема „Текстот од научните дела како средство на научност, идејност и развој на мислењето кај учениците на часот по историја“. Тој го истакна значењето на користењето на ваквите текстови како и пропустите во досегашното користење, посебно во проблемската настава. Перовиќ даде стручно-методски упатства за користење на текстовите од научните дела нагласувајќи го значењето на изворните научни дела со посебни примери.

РАДОСАВ ШПАДИЈАР од Белград го изнесе својот реферат на тема „За разгранетото програмирање во наставата по историја“, објаснувајќи што претставува програмираната настава и структурата на програмските задачи како и за задачите на учениците во процесот на програмираната настава.

БЛАГОТА ДРАШКОВИЌ од Загреб во својот реферат на тема „Разгранетиот учебник по историја како средство за активирање на ученикот“ истакна неколку прашања за овој проблем: улогата на историската учебничка литература денес, дидактичкото обликување во склад со дидактичките, педагошко-методските и психолошките начела и активизацијата на учениците. Тој нагласи дека таквиот учебник не претставува само извор на знаења, туку има улога да ги упати и поттикне учениците и на други извори на знаење. Без модерно дидактички оформен учебник не може да се постигне максимална активизација на учениците а за тоа ја сносат одговорноста покрај авторот уште рецензентите, уредникот на издавачот како и другите фактори што работат и имаат влијание на учебниците.

МАРА МАКИЌ од Футог зборуваше за „Најновата литература од методиката за наставата по историја“ посочувајќи ги публикациите и прилозите излезени од печат во последните неколку години во различните списанија и други публикации. Таа даде куса оценка и упатства за нивното значење и користење класирајќи ги по теми и области.

Д-р ФИЛИП ПОТРЕБИЦА од Загреб настапи со реферат на тема „Усвојување на историските термини, поими и категории како предуслов за историските сознанија“ задржувајќи се на следниве моменти: јазикот и речникот на учениците, сфаќањето на терминологијата и формализмот, за улогата на принципот на систематичноста, за методите, родокрајната историја, самостојната работа и корелацијата на наставата во врска со усвојувањето на термините, поимите и категориите.

ФАХРУДИН ИСАКОВИЌ од Сараево имаше тема за „Екскурзијата како облик за проширување и про-

длабочување на знаењата во наставата по историја". Најпрвин, тој уводно се задржа на екскурзијата и нејзиното значење во наставата по историја, а потоа ги опфати дидактичките принципи поврзани со екскурзиите, нагледноста и нејзината улога во екскурзиите, методите, научното, педагошкото, идејното и дидактичкото значење на екскурзиите.

ПРВЕНКА ТУРК од Љубљана во својот реферат „Ученичките историски групи" ја изнесе организацијата и работата на ученичките историски групи во основните училишта во СР Словенија. Посебно таа се задржа и на корелацијата на слободните ученички активности по историја и другите наставни дисциплини, на соработката со пионерската организација и другите фактори во училиштето и на местото во кое учениците работат.

М-р МИЛО СТРУГАР од Титоград даде приказ на содржината и улогата на списанието „Настава по историја" истакнувајќи ги материјалите што досега ги има донесено и нивната улога во унапредувањето на наставата по историја во основното и средното образование.

БЛАГОЈА ЦВЕТКОВСКИ од Скопје поднесе реферат на тема „Остатоци на вербализмот во наставата по историја" истакнувајќи ги причините за појавата на вербализмот и неговите негативни последици во воспитно-образовниот процес во наставата по историја.

ЃУРО БАТРИЌЕВИЌ ги запозна присутните со „Музеите во Цетиње од стојалиштето на наставата по историја": како се оформени, што содржат, како да се користат за развивање на револуционерните традиции кај младите и слично.

Надвор од основната тема беа поднесени уште два реферата на тема за „Балтазар Богишиќ" по повод 150-годишнината од неговото раѓање од д-р ЈОВАН БОЈОВИЌ од Титоград и за „Заедничките програмски јадра и новите наставни програми по историја во републиките и покраините" од д-р ХРВОЕ МАТКОВИЌ. Тој укажа на проблемите и тешкотиите со кои се среќаваат изготвувачите на заедничките програмски јадра и наставните програми давајќи глобален преглед како ќе изгледа нивната физиономија.

По поднесените реферати и соопштенија се водеше дискусија што се однесуваше на повеќе прашања, преку која се даваа предлози, сугестии и мислења за решавање на проблемите во воспитно-образовната работа во наставата по историја. Интересни предлози даде СТЕФАН ТРОЈАР од Љубљана во врска со натамошното одржување на југословенските симпозиуми за наставата по историја сугерирајќи да се поднесуваат информации за состојбата во наставата по историја во републиките и покраините. Исто така Тројар се заложи дискусијата да се води по изнесувањето на рефератите, а не на крајот од работата на симпозиумот. Присутните на Симпозиумот ги поздрави ПАНАЈОТ ДРАЖЕН ПАНАЈОТОВ, професор на Софискиот универзитет по методика за наставата по историја што престојуваше во нашата земја како гостин во рамките на југословенско-бугарската соработка за учебниците по историја и географија. Тој ги запозна учесниците со проблемите во наставата по историја во НР Бугарија.

За учесниците на Симпозиумот домаќините организираа изложба на книги и учебници по историја, прикажување на филмови, разгледување на културно-историските споменици на Цетиње и посета на његошевиот мавзолеј на Ловќен и на Будва. На другарската вечер културно-уметничкото друштво „Његош“ од Цетиње изведе целовечерен концепт на народни песни и ора запознавајќи ги учесниците со фолклорното и уметничкото богатство на Црна Гора и југословенските народи и народности.

На крајот од работата на Симпозиумот, Претседателот на Постојаната комисија за наставата по историја даде резиме и заклучок за работата на Симпозиумот оценувајќи го како содржаен и успешен и ја истакна потребата од продолжување на традицијата со одржувањето на вакви симпозиуми со одредена тематика што има големо значење во унапредувањето на наставата по историја и воедначувањето на ставовите на југословенско ниво по разни стручни и педагошки-методски прашања и проблеми. Вакви стручни собири на наставниците по историја им се потребни од повеќе причини, нагласи Матковиќ: да се чуеме и да размениме мислења, да ги анализираме работите и да се договориме, а сето тоа води кон подобро запознавање и зацврстување на заедништвото, братството и единството.

Југословенската комисија за наставата по историја заклучи идниот симпозиум да се одржи при крајот на август во 1985 година во СР Македонија, а основната тема да биде „НАУЧНИ, ИДЕЈНИ И МЕТОДСКИ ПРОБЛЕМИ НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД“.

Материјалите и од десеттиот како и од поранешните симпозиуми, како што е вообичаено, ќе се објават во списанието „Настава по историја“ бр. 1 од 1985 година.

Наум ДИМОВСКИ

## НАУЧЕН СОБИР ВО КРУШЕВО НА ТЕМА „ПОЛИТИЧКИТЕ, ВОЕНИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ НА НАРОДИТЕ НА СФРЈ И СССР ВО ПЕРИОДОТ 1917—1945 ГОДИНА“

Во организација на мешовитата југословенско-советска комисија на историчарите а во рамките на проблемско-тематскиот план за научна соработка помеѓу Советот на академиите на науките на СФРЈ и Академијата на науките на СССР за периодот 1981—1985 година, од 18 до 20 мај 1984 година во градот Крушево — Социјалистичка Република Македонија, се одржа научниот собир на тема „Политичките, воените, економските и културните врски на народите на СФРЈ и СССР во периодот 1917—1945 година“.

На свеченото отворање на Собирот говореа:

Академик Михаило Апостолски — во својство на претседател на Југословенскиот дел на Комисијата на историчарите на СФРЈ и СССР;

Академик Алексиј Леонтјевич Нарочницкиј — во својство на претседател на Советскиот дел на Коми-